**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесетото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,11 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Владо Бучковски, Игор Ивановски, Кенан Хасипи, Андреј Жерновски, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Лилјана Поповска, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Љубчо Георгиевски, Сафет Незири и Абдуљади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 85 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 на амандманот 19 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 82 пратеника, сите 82 пратеника гласале за.

Воздржани и против нема.

Констатирма дека Собранието го донесе Законот за следење на комуникациите

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да започнеме со Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, ве известувам дека попладне ќе работиме до 16,00 часот, поради мои протоколарни обврски, ќе гледам фудбал.

(Седницата заврши во 11,18 часот)